# BOB BONIES

БОБ БОНИ



**Р**оден е во Хаг (Холандија) 1937. Сликарство и графика студирал на Академијата за ликовни уметности во Хаг, а во Стокхолм ја усовршил техниката на сито-печат.

Оваа изложба, како сегмент од програмската активност на Музејот на современата уметност којшто опфаќа презентирање на неговите збирки, е организирана со интенција да се одбележат разновидните појави и трендови на апстрактната уметност, особено во времето на високата модерна на втората половина на векот, кога се внесоа одредени новини во јазичните модели во овој тип на изразување.

Во конкретниов случај преку графичките отисоци на Боб Бони се има можноста да се согледаат геометриските тенденции во кои се настојуваше да се постигне максимално јасен концепт. Ваквите тенденции беа актуелни и битни за крајот на педесеттите и за шеесеттите. При нивната анализа обично корените се бараат во конструктивизмот, но објективно тие успешно се изборија за издвојување и независно егзистирање.

Бони е еден од авторите што беше вклучуван во проблемските изложби коишто ги промовираа или ги обработуваа овие појави во геометриската апстракција пошироко во светот. Неговите дела паралелно беа прикажувани со делата на главните нејзини претставници: Џозеф Алберс, Барнет Њумен, Макс Бил, Виктор Вазарели, Александар Либерман итн. (на пример на изложбите: Нови облици на бојата, 1966 во Стеделијк музеј во Амстердам; Уметноста на мултиплицирање, 1968 во Кунстхале во Келн и др.)

Оваа мапа на графики, негова донација на Музејот на современата уметност од Скопје, ги демонстрира и најексплицитно ги рефлектира наведените тенденции и карактеристики. Инаку, тој се смета за претставник на тогашната нова апстракција во Холандија, којашто всушност и не поседува некои локални одредници, бидејќи тоа е времето на уметноста во кое доминираше идејата за интернационализмот.

Поконкретно неговата творечка личност е опфатена како репрезент на т.н. *cool* апстракција, тренд којшто претставуваше попречистена форма на оп-артот, бидејќи главна опсесија беше бојата организирана во големи монотони или монохромни полиња (најчесто со две до три варијации).

Надоврзувајќи се на овие искуства функционирањето на делото Бони го сведува на релацијата боја - облик, минимално дефинирајќи ги формите и градејќи ги по принципот на математичката методика. Неговата апстрактна мисла главно е визуелизирана во примери на слични или идентични, мултиплицирани облици кои меѓусебно се одделени со стриктна програмираност на транспарентните бои (на пример: сина, црвена, зелена или жолта - како во овие графички отисоци). Значи визуелниот впечаток е добиен единствено преку бојата која ги поврзува големите полиња, при што (условно) се создава ефектот на пробивање едно во друго.

Карактеристично за ваквиот принцип на работа е што првенствено се тргнува од одреден, односно однапред утврден концепт којшто содржи сосема јасни егзактно апстрактни и просторно конкретизирани примарни геометриски форми. Оттаму реализацијата претставува само едно рутинирано дејствие.

Од тие причини Бони најчесто ја користи техниката на сито-печат. Токму оваа техника се покажа како најсоодветна за едноставната реализација на идеите, а истовремено го олеснува постигнувањето на посакуваната прецизност и перфекција. Вредноста на овие, условно кажано, помалку оригинални графички варијанти не се намалува од причини што самата конститутивна градба на обликот, преку структурацијата на геометриските елементи, дозволува и директно ја имплицира можноста за умножување на повеќе еднакво вредни "објекти", кои во потполност ја содржат проблемската носивост на изворната идеја. Тие ненаметливо, дискретно пренесуваат универзални "пораки" со универзални вредности. Неговите графички листови комуницираат на едноставен, но истовремено и на комплетен начин, бидејќи се доведени до нивото на знаци. Тие од една страна се јасни и амблематични, а од друга страна се крајно апстрактни.

Марика Бочварова Плавевска

Графика (1-5), 1967, сито-печат во боја, 59 x 69 см.
Графика (6-10), 1969, сито-печат во боја, 65 x 65 см.
Print (1-5), 1967, colour silkscreen
Print (6-10), colour silkscreen

МУЗЕЈ
НА **СОВРЕМЕНАТА**
УМЕТНОСТ, *СКОПЈЕ*
**MUSEUM** OF CONTEMPORARY ART, SKOPJE

МАЈ May
АВГУСТ August (/98)

design. Stefan Georgievski